# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**30 јануари 2026 година, Гевгелија** **Број 1 Година MMXXVI**

Содржина

страна

01 Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2025 год.------------04

02 Програма за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2026 година--------------------------------------------------------------------------- 05

03 Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2025 година.----------------------------------------14

04 Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2026 год.-----15

05 Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2025 година.---------------------------------------------------------------------------------------------------21

06 Програма за финансирање проекти, манифестации и значајни настани на Месните заедници во општина Гевгелија во 2026 година-------------------------------------------22

07 Програма за определување комунална такса за одржување на јавно зеленило во Општина Гевгелија------------------------------------------------------------------------------------------ 25

08 Решение за усвојување на годишниот финансов план на ЈОУ Пионерски дом Јосип Броз Тито“ – Гевгелија за 2026 година -------------------------------------------------27

09 Решение за давање согласност на Програмата за работните активности на ЈПКД ″Комуналец″- Гевгелија за 2026 година---------------------------------------------------------28

10 Решение за усвојување на Финансискиот план на ЈПКД ,,Комуналец“ - Гевгелија за 2026 г.---29

11 Одлука за именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија-------------------------------------------------------------31

12 Одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија---------------------------------------------------------------32

13 Решение за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија од редот на вработените во установата-------------------------------------------------------34

14 Решение за именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија од редот на вработените во установата-------------------------------------------------------35

15 Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка------------36

16 Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка--------------------------------------------------37

17 Одлука за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Гевгелија бр.09-2094/1 од 27.12.2023 година и бр.09-931/1 од 24.07.2024 година, за определување на тарифа/цена за општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Гевгелија------------------------------------------------------------------------------------------38

18 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Дејан Бојков-------------41

19 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Нада кириќ----------------42

20 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Ристо Шарков------------43

21 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Петра Динова-------------44

22 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Димитар Ристов---------45

23 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Зоран Дуганов-----------45

24 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Ставре Митровски----- 46

25 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Жаклина Граммати---- 47

26 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Ванчо Трајков------------48

27 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Надица Мижорова----- 49

28 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Тони Танчев--------------50

29 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Маргарита Пецанова--51

30 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Нада Кириќ----------------52

31 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Музафер Раповски-----52

32 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Лимонка Ананијева-----53

33 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Наташа Илиева---------54

34 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Мартина Илиевска-----55

35 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Мартина Илиевска----56
36 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Катерина Колева------57
37 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Билјана Демерџиева-57
38 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Габриела Цунева------58
39 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Александар Риизов---59
40 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Смиља Танева----------60
41 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Цветанка Чурлинова--61
42 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Елена Трајкова---------62
43 Решение за исплата на средства од Буџетот на О. Гевгелија на Верица Петкова Ристова-----63
44 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Ивана Јованова--------64
45 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на Марија Тулупова-------65
46 Решение за исплата на средства од Буџетот на Општина Гевгелија на ЈОУ Пионерски дом
,,Јосип Броз Тито“----------------------------------------------------------------------------------------------------66

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во Општина Гевгелија за 2025 година**.

Се објавува Заклучокот со кој сеусвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 28.01.2026 година

Бр.08-190/2
30.01.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 28.01.2026 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2025 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1**.**Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2025 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

Бр.09-170/1
28.01.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2026 година**

.

Се објавува Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2026 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 28.02.2026 година.

Бр.08-190/3
30.01.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), а во врска со член 7 став (3) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 265/24 и 132/25) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.01.2026 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
## за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2026 година

<table>
<tr><td colspan="2">Програма за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2026 година</td></tr>
<tr><td>Град/општина</td><td>Општина Гевгелија</td></tr>
<tr><td>Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата</td><td>Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт</td></tr>
<tr><td>Вид на програмата</td><td>☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална</td></tr>
<tr><td>Правен основ</td><td>✓ Законски основи:<br>- Закон за култура;<br>- Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација.<br><br>✓ Обврски од Национални стратегии и други правни документи:<br>- Статут на Општина Гевгелија;<br>- Национална стратегија за родова рамноправност 2022 - 2026 година.</td></tr>
<tr><td>1. Вовед/опис на програмата</td><td>Со Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2026 година се утврдуваат целите, активности и висината на средствата за нивно финансирање. Програмата ги дефинира целите на културната политика во општина Гевгелија кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно тие да се во функција на културниот развој на општината во 2026 година. Со цел програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои ќе ги одразат јавните потреби на општината во областа на културата. Со оваа Програма, врз основа на критериумите за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација.</td></tr>
<tr><td>2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување</td><td>Градоначалникот на Општина Гевгелија, на 13.11.2025 година, распиша Конкурс за финансирање програми и проекти во областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2026 година. На Конкурсот, можеа да учествуваат: уметници, самостојни уметници, установи од областа на културата со седиште во општина Гевгелија, здруженија на граѓани,</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | физички и правни лица, регистрирани во Република Северна Македонија за дејности од обласа на културата, согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.<br>Апликациите се доставуваа во Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и во предвидениот рок за аплицирање пристигнаа 47 апликации. По нивното разгледување, согласно Правилникот за начинот, постапката и критериумите за доделување финансиски средства за програми, проекти и активности од обласа на културата од интерес на општина Гевгелија, на предлог на Градоначалникот е подготвена Програмата. |
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | - богат, квалитетен и разновиден културен живот на ниво на општината;<br>- чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство;<br>- поттикнување и афирмирање на културните разноликости на припадниците на етничките зедници;<br>- достапност на културните добра и вредности до граѓаните и граѓанките;<br>- континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за општината;<br>- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;<br>- афирмирање и поддршка на млади уметници и уметнички, и автори и авторки (до 35 години);<br>- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литература (книга/стрип албум/графичка новела);<br>- развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, уметноста на новите медиуми и литературата книга/стрип албум/графичка новела;<br>- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;<br>- воспоставување соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни културни установи од општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции и други организации;<br>- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;<br>- промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази;<br>- организирање меѓународни фестивали што се одржуваат во општина Гевгелија;<br>- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;<br>- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати; |

| | |
|---|---|
| | - изведба на едукативни работилници за деца и млади, за наставничкиот кадар од основните и средните училишта, лицата со посебни потреби, со цел потикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата и младите и лицата со посебни потреби;<br>- вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори. |
| **4. Мерки (или тематска област)** | **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ РЕАЛИЗИРААТ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА** |

| р. бр. | Апликант | Активности |
|---|---|---|
| 1. | КУД „Танец“- Миравци | 1. Манифестација „Ѓура Мара 2026“<br>2. Годишна програма и работа во 2026 г.-<br>Патронот на Миравци- Св. Константин и Е<br>на фестивали во Секирник, Ораовица, Ку<br>Хрватска, Новисланкамен- Инџија, Србија |
| 2. | Здружение на слепи лица- Гевгелија | Манифестација „Вешта жена 2026“ |
| 3. | Градски мешан хор „Гортинија“- Гевгелија | Концертна активност |
| 4. | ЗГ „Од станица до граница“- Гевгелија | Поетско-музичка вечер „За тебе љубов м |
| 5. | ЗЛУКР „АРТ ЕКВИЛИБРИУМ“- ГЕВГЕЛИЈА | „Бош 18. Фестивал“ |
| 6. | Дејан Малзарков, Гевгелија | Снимање на хумористички видеа и изведб |
| 7. | Димитар Новаков, Гевгелија | Reels за Гевгелија- нов дигитален имиџ |
| 8. | Стојан Бучков, Негорци | Реализација на авторско музичко дело со<br>ѕидовите“ |
| 9. | Глигор Гелебешев, Гевгелија | Меѓународен натпревар на млади пијанис |
| 10. | ЗГ за етно предмети и музејски материјал „Миравча свадба- Ѓуро Мара“- Гевгелија | Собирање и заштита на етно предмети, и |
| 11. | Зружение на пензионери- Гевгелија | Учество на културни манифестации на о<br>ниво со пејачката група |
| 12. | КУД „Распеани гевгеличани“- Гевгелија | Настапи на КУД „Распеани гевгеличани“ в<br>во фестивали и концерти во Скопје, Вала<br>Велес, Охрид, Крива Паланка, Штип |
| 13. | Викторија Новаковска, Гевгелија | Самостојна изложба на ликовни творби |
| 14. | Моника Игевска Ризова, Гевгелија | Подготовка за печат и издавање на литер<br>Culpa” и промоција |
| 15. | Здружение за еднакви можности и остварување на правата на жените и | 1. „Младински креативен хаб“:<br>- Отворање културна ризница – истражув<br>локалното наследство; |

| | | |
|---|---|---|
| | мажите во руралните средини „Афирмира“- Гевгелија | - „Традицијата оживува“ – Работилница за занаети, муз<br>обичаи;<br>- „Гевгелија низ нашите очи“- Едукативно-креативни раб<br>за деца и млади;<br>- „Културен патоказ“- Креирање дигитална архива |
| 16. | З КУД „Негорци“- Негорци | 1. Фолклорен концерт „На сред село во Негорци“<br>2. Фолклорен концерт „Средба на постарите генерации<br>3. 5. Фолклорен фестивал „Засекогаш со нас“- посветен<br>Мицев<br>4. Учество на регионални фолклорни смотри- СОФАМ и<br>„Здравоживо“- Истибањско |
| 17. | ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија | 1. „Музички карван“<br>2. Музички образовни средби 2026<br>3. Концерт на камерен состав „Music soul“- квартет сост<br>професори по виолина, кларинет, пијано и флејта |
| 18. | Миле Смилков, Гевгелија | 1. Квиз на знаење „Кој знае, знае, кој не, ќе научи“ |
| 19. | ЗГ „Музички моменти“- Гевгелија | 1. „Гевгелиска пролет“- музички концерти<br>2. „Гевгелиска музичка есен“- музички концерти |
| 20. | ЗГ Одбор за Негорци, Негорци | Панаѓурска забава Негорци 2026 година |
| 21. | Киро Ристов, Гевгелија | Издавање поетска збирка „Железно време“ |
| 22. | Мери Олумчева, Гевгелија | 1. Новогодишна претстава „Забава со Дедо Мраз“ |
| 23. | ЗГ Ансамбл за традиционална музика и игри „Бојмија“- Гевгелија | 1. 3 годишни и 2 новогодишни концерти<br>2. Учество на Меѓународен фолклорен фестивал „Шато<br>2026“ во Франција<br>3. Концертни активности на „Бојмија“ во Македонија<br>4. 2. Меѓународен фолклорен фестивал „Гевгелиска ве |
| 24. | Христијан Чакаров, Гевгелија | Ромска вечер 2026 година |
| 25. | ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци | Театар за сите „Бегалка“ |
| 26. | Здружение на граѓани „Внимание“- Гевгелија | 1. Учество на Интернационален натпревар Voice of the<br>Загреб, Р. Хрватска |
| 27. | ЗГ Интернационален детски музички фестивал „Калинка 2023“ | Интернационален детски музички фестивал „Калинка 2 |
| 28. | Стефчо Стефанов, Гевгелија | Книжевна вечер на кратки раскази од Данил Хармс и Ху<br>Кортасар |
| 29. | Русе Жекоски, старешина при Соборен храм „Свети Кирил и Методиј“- Гевгелија | Културна програма за црковната слава по повод одбеле<br>130-годишен јубилеј постоење |
| 30. | Розета Картова, Гевгелија | Ликовна изложба на ученици „Помеѓу сонот и јавето“ |
| 31. | Здружение „Кемп Сајт“- Гевгелија | Вир Фестивал 2- Мултидисциплинарен културен фестив |
| 32. | ЗКУД „Браќа Толеви“- Прдејци | 1. Заеднички концерт со деца со попреченост „Заедно м<br>повеќе“<br>2. Фолклорна вечер по повод Св. Петка<br>3. Учество на Фестивал за ветерани во организација на<br>„Батајница“, Р. Србија |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4. Гостување во Стара Пазова по покана од КУД „Стара<br>Србија |
| 33. | ТЕМОВ КРАФТ ДООЕЛ, Скопје | 1. 3. Фестивал „Вкуси го југот- Taste the south” |
| 34. | Верица Стамкоски- Оливера Станковска, Гевгелија | Снимање нова композиција „Душо неверна“ и обработка<br>народна песна „Каљо, Каљино девојче“ |
| 35. | ЗГ „Мистик денс“- Гевгелија | 1. Гевгелија Денс Фест 2026<br>2. Учество на Меѓународен танцов натпревар во Будим<br>3. Учество на E-motion dance competition 2026, Скопје |
| 36. | ЈОУ Градска библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија | 1. Метрички карван 13: Гевгелија- Виница- Делчево<br>2. Работилница за креативно пишување 4<br>3. Туристички водич за културно-историски споменици<br>Гевгелија и гевгелиско<br>4. Спомени од сцената: Изложба по повод 115 години о<br>и 35 години од смртта на главната улога од првата дето<br>изведена во Гевгелија „Принцезата Ружа“ (1911-2026) |
| 37. | Здружение на музичари и интерпретатори „Панта Реи 2009“- Гевгелија | Снимање и продукција на забавна песна |
| 38. | Здружение на Власите на општина Гевгелија „Мегленија“- Ума, Гевгелија | Национален ден на Власите 2026 |
| 39. | Ѓорги Јованов, Негорци | 40 години фолкорна дејност- Јубилеен концерт на Ѓорги |
| 40. | Здружение на граѓани „АРТ УМ – 023“- Гевгелија | Платформа 2026- Звук, Уметност и Култура<br>1. Еднодневен музичко-рекреативен настан „Гевгелија<br>(мастерклас за електронска музика и основи на аналогн<br>работилница во областа на архитектурата и музички фе |
| 41. | ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“- Гевгелија | 1. Вајарска ликовна работилница<br>2. Работилница „Сито печат“<br>3. Стрип работилница |
| 42. | ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија | 1. „Џаџеви денови“<br>2. „Гевгелиска свадба“<br>3. Театарски претстави<br>4. „Гевгелиско културно лето“<br>5. Чествување на Спасовден- тридневна програма<br>6. Иложба на фотографии од стари градби „Стара Гевге<br>ново руво“<br>7. Видеоприказ на традицијата преку модерната жена<br>8. Едукативна работилница за млади „Традицијата, иде<br>еден народ“<br>9. Изработка на народна носија и едукативна работилн<br>ткаење<br>10. Обичаите во село Серменин<br>11. Организација на и преземање ликовни изложби од д<br>центри за култура<br>12. Музичка приказна „Приказна за жирафата“<br>13. Изложба по повод 80 години јубилеј од основање на<br>14. Солистички концерт на Марија Ѓошевска<br>15. Чествување на Општинскиот празник- 7 Ноември |

| | | |
|---|---|---|
| 43. | Тодор Новаков, Моин, Гевгелија | 1. Моинска вечер |
| 44. | Факултет за туризам и бизнис логистика- Гевгелија при УГД- Штип | 1. Публикација „Перспективи за развој на Гевгелија како туристичка дестинација“<br>2. Едукативно-промотивен настан „Дојди на Кожув, запо регионот со ФТБЛ“<br>3. Изложба „Поттикнување на развојот на алтернативни развој на туризмот во Општина Гевгелија“ |
| 45. | ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија | 1. Априлијада 2026<br>2. Завршен концерт на Школа за гитара<br>3. Дедо Мраз пак кај нас<br>4. Зимска и летна ликовна школа<br>5. Завршен концерт на Школа за тапани<br>6. Фолклорен ѓердан<br>7. Театарска претстава „Хаос зад кулисите“<br>8. Керамичка работилница<br>9. Музичко-поетска вечер „Сонувања“<br>10. Камишибаи театарска претстава „Свадби на животн<br>11. Новогодишна детска претстава<br>12. Театарска претстава за деца „Како се станува цар“<br>13. Театарска претстава „Бајка за бајките“<br>14. Инклузивна танцова претстава а Танцово студио „Е<br>15. Едукативно-истражувачки работилници и завршен к срце до песна- Македонски гласови низ вековите“<br>16. Флешмоб за Меѓународен ден на танцот<br>17. Драмска секција<br>18. Школа за тапани<br>19. Школа за гитара<br>20. Детски хор „Божилак“ |
| 46. | ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија | Печатење монографија: 80 години работа на ООУ „Вла Кантарџиев“- Гевгелија |
| 47. | СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија | 1. Учество на Драмската група „Дон Кихот“ со театарск на Меѓународен уметнички фестивал „Утринска ѕвезда“ Бугарија |
| 48. | Дополнителни активности | |
| вкупно | | |

- За активностите од областа на културата кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2026 година и се од општ интерес за општината, Советот на Општина Гевгелија ќе изврши дополнување на истата.

**4.1. Индикатори:**

* за правни лица:

- број на поддржани институции од областа на културата;
- број на поддржани правни лица кои реализираат активности од областа на културата;
- број на жени и мажи- носители на јавни функции;
- број на жени и мажи во раководните органи на институциите;
- број на жени и мажи- вработени во институциите;
- број на жени и мажи- носители на програмските активности;
- број на вклучени жени и мажи- уметници во програмските активности;

| | |
|---|---|
| - број на проекти коишто конкретно се однесуваат на жени и конкретно на мажи.<br><br>* за физички лица:<br>- број на поддржани самостојни жени и мажи- уметници;<br>- број на жени и мажи- носители на програмските активности;<br>- број на вклучени жени и мажи- уметници во програмските активности;<br>- број на проекти коишто конкретно се однесуваат на жени и конкретно на мажи.<br>**4.2. Носител/извршител на мерката:**<br>- Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања. | |
| **5. Очекувани резултати од мерките** | Согласно мерливите индикатори за следењето на состојбата и разделени статистички податоци, ќе се анализира дали се постигнати целите на мерките од Програмата за подобрување на положбата на жените и мажите во областа на културата на локално ниво. И тоа:<br>- жените и нивните потреби и барања се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво;<br>- систематско и одржливо користење на родово-одговорно буџетирање како алатка од страна на буџетските корисници на локално ниво;<br>- редовно собирање и ажурирање на родово-разделени податоци кај сите релевантни чинители;<br>- мерливи индикатори за следење на состојбата со еднаквите можности на жените и мажите во областа на културата;<br>- зголемена застапеност на жените во органите на одлучување.<br><br>Останати очекувани резултати:<br>- поголема застапеност на младите и лицата со попреченост во културните активности и манифестации;<br>- развој на сите видови уметност на подрачјето на општина Гевгелија;<br>- развој на културниот туризам;<br>- унапредување на соработката помеѓу локалната самоуправа и културните субјекти;<br>- континуирана финансиска и логистичка поддршка на културни манифестации со цел да прераснат во традиционални. |
| **6. Ризици** | Економска и здравствена криза |
| **7. Буџет на програмата и извори на финансирање** | 9.680.710 денари од буџетската програма К4- Културни манифестации и творештво |
| **8. Следење и известување/евалуација** | Следењето на Програмата ќе се врши согласно доставените Наративни и финансиски извештаи на корисниците, коишто поднеле барање за исплата на одобрените средства за реализација на нивните активности.<br>Извештајот за реализација на Програмата ќе го подготви Одделението за социјална, здравствена, детска и |

| | |
|---|---|
| | други заштити, култура и спорт и ќе го достави на усвојување од Советот на Општина Гевгелија.<br>За секоја одржана активност од Програмата во текот на годината, Општина Гевгелија ги известува граѓаните преку нејзините официјални веб- и Фејсбук-страна. |
| **9. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата, надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.<br>Оваа Програма влегува во сила денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

Бр.09- 171/1
28.01.2026 г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

**-------------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање спортските активности во Општина Гевгелија за 2025 година**.

Се објавува Заклучокот со кој сеусвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 28.01.2026 година

Бр.08-190/4
30.01.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 28.01.2026 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2025 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2025 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-172/1
28.01.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

## З А К Л У Ч О К
**за објавување на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2026 година**

.

Се објавува Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2026 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 28.02.2026 година.

Бр.08-190/5
30.01.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт став 2 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.01.2026 година, донесе:

## ПРОГРАМА
## за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2026 година

| Наслов на програмата: Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2026 година | |
|---|---|
| Град/општина | Општина Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт |
| **Вид на програмата** | ☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Правен основ** | ✓ Законски обврски:<br>- Закон за спорт;<br>- Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација.<br><br>✓ Обврски од национални Стратегии:<br>- Статут на Општина Гевгелија,<br>- Стратегија за родова еднаквост,<br>- Интегрален развоен локален план на Општина Гевгелија (2024 – 2027) |

| | |
|---|---|
| **1. Вовед/опис на програмата** | Со оваа Програма се планираат активности на Општина Гевгелија во областа на спортот и средствата за финансирање на истите од Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година. |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување точки за подобрување** | Градоначалникот на Општина Гевгелија, на 13.11.2025 година, распиша Конкурс за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2026 година. На Конкурсот, можеа да учествуваат: правни и физички лица – државјани на Република Северна Македонија.<br>Под правни лица се подразбираат: спортски здруженија, спортски клубови, здруженија на граѓани, училишни спортски сојузи, трговски друштва, акционерски друштва, трговци поединци, регистрирани во Република Северна Македонија за вршење дејност спорт, како и правни лица кои покрај регистрацијата за вршење дејност од друга област, се регистрирани и за вршење дејност спорт.<br><br>Апликациите се доставуваа во Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и во предвидениот рок за аплицирање пристигнаа 45 апликации. По нивното разгледување, согласно Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес на општина Гевгелија, на предлог на Градоначалникот е подготвена Програмата. Одобрени им се средства на 44 апликанти. |
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | Основни цели на оваа Програма се обезбедување услови и преземање системски мерки за поддршка на спортот, односно: спортисти, спортистки, машки и женски спортски клубови, спортски сојузи и (традиционални) спортски манифестации, финансиски ќе поддржува организирање на активности за развој и унапредување на:<br>- традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер;<br>- програмите, проектите и активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе достават програми и проекти за организирање на манифестации и спортски настани од особен интерес за општина Гевгелија;<br>- програмите, проектите и активностите на спортисти- аматери, учениците и ученичките во основните и средното училиште на подрачјето на општина Гевгелија;<br>- спортско- рекреативните активности на машки и женски лица со попреченост. |
| **4. Мерки (или тематска област)** | **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ РЕАЛИЗИРААТ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ** |
| | |

| р. бр. | Апликант | Активности | Одобрени средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Спортски клуб на слепи лица „Аурора“- Гевгелија | Меѓународен викенд шаховски турнир<br>Регионален турнир во голбал за слепи лица | 25.000 |
| 2. | Здружение на слепи лица Гевгелија | Меѓународен викенд шаховски турнир | 25.000 |
| 3. | Магица Петкова (Томче Петков) | Учество на атлетски трки | 20.000 |
| 4. | Женски ракометен клуб „Гевгелија Југ“- Гевгелија | Натпреварување во Женска младинска лига, Женска кадетска лига и Сениорска прва лига | 800.000 |
| 5. | КМФ „Млади Миравци“- Миравци | Турнир во мал фудбал КМФ- Миравци 2026 | 180.000 |
| 6. | Здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“- Гевгелија | Натпревар во атлетски повеќебој (фрлање копје, ѓуле и диск) | 25.000 |
| 7. | Клуб за спорт и рекреација на инвалиди на Гевгелија | Учество на општински и меѓуопштински натпревари во спортско стрелаштво и пинг понг за инвалиди | 25.000 |
| 8. | Здружение Мото клуб Феникс Гевгелија | Мото забава Феникс 2026<br>Ден на мото културата 2026 | 40.000 |
| 9. | Општински сојуз на училишен спорт- Гевгелија | Училишни натпревари во рамки на Федерацијата на училишен спорт на Македонија | 40.000 |
| 10. | Александар Грујиќ, Гевгелија | Учество на домашни и меѓународни натпревари во тенис | 20.000 |
| 11. | ЗГ Тениски клуб „Круна“- Гевгелија | Тениски турнир „Круна Опен“<br>Тениска школа и натпреварувачка сезона 2026 | 80.000 |
| 12. | ЗГ Одбојкарски клуб Гевгелија-ветерани од Гевгелија | Натпреварувачка сезона 2026 во Државна одбојкарска лига на ветерани | 30.000 |
| 13. | Васко Киров, Гевгелија | Мотокрос натпревари<br>-БМУ Европски шампионат 2026<br>-Алпе Адрија Шампионат 2026<br>-Шампионат во Македонија 2026 | 20.000 |
| 14. | Марјан Туртуров, Негорци | Меморијален турнир во баскет 3х3 „Мите Тути“- Негорци | 40.000 |
| 15. | Кошаркарски клуб „Гевгелија“- Гевгелија | Учество во 3. Државна лига-машка група<br>Учество во М18 генерација- женска група<br>Учество во 2. Државна лига- женска група | 1.800.000 |
| 16. | ЗГ МК „Ретки птици“- Гевгелија | Гимкана во чест на починати членови<br>Учество на меѓународни Мото собири<br>Рели- Независност на РСМ | 40.000 |
| 17. | Шаховски клуб „7 Ноември 2021“- Гевгелија | Учество на турнир за млади во Скопје<br>Учество во Втора лига за сениори<br>Учество на Државно првенство за млади до 18 години во Струга<br>Меѓународен турнир во Гевгелија 2026 | 450.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Турнир „7 Ноември“- Гевгелија | |
| 18. | Планинарски спортски клуб „Двете уши“- Гевгелија | Осми традиционален планинарски марш- Смрдлива Вода- Исирова пресека- Натстрешница- Врв Сува Рупа- Врв Мала Рупа<br>Планинарска акција- Михајлово- Врв Дудица- Караула Шаренка- Врв Порта- Врв Зелен Брег- Врв Мала Рупа- Смрдлива Вода<br>Планинарски предизвик: врвови на Кожуф<br>Планинарски акции- Годишна програма за 2026 г.<br>Кампување на Кожуф | 160.000 |
| 19. | УСК „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија | Натпревари во спорт и спортски активности | 40.000 |
| 20. | ЗГ Одбор за Негорци- Негорци | Турнир во мал фудбал Негорци 2026<br>Лига во мал фудбал Негорци 2026 | 85.000 |
| 21. | ЗГ „Гевгелија точак клуб“- Гевгелија | „Сите уф Серменин“, возење со точак | 80.000 |
| 22. | ЗГ ЖРК „Ветерани Југ“- Гевгелија | Меѓународни и домашни спортски услови | 40.000 |
| 23. | Фондација „Ице Бегов“- Скопје | Инклузивна трка „November Run – Run Together“ | 120.000 |
| 24. | Стојан Дојчинов,Гевгелија | Пливање за правилен раст и развој на децата | 350.000 |
| 25. | Пинг-понг клуб „Гевдион 2023“- Гевгелија | Поддршка на ППК „Гевдион 2023“ во втора лига<br>Gevgelija open 2026 | 150.000 |
| 26. | Карате клуб „Армор“- Гевгелија | Натпреварувања во домашни и меѓународни натпревари | 30.000 |
| 27. | ЗГ Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија | November run Gevgelija 2026 | 1.500.000 |
| 28. | ЗГ Навивачки клуб „Фантоми“- Гевгелија | Турнир во мал фудбал „Никола Гелебешев“ | 180.000 |
| 29. | УСК „Владо Кантарџиев“- Гевгелија | 1. Училишен спортски клуб „Владо Кантарџиев“- Гевгелија | 40.000 |
| 30. | Димитар Кочев, Гевгелија | Традиционален фудбалски натпревар по повод Спасовден | 20.000 |
| 31. | ЗГ „Иван Пенов“- Гевгелија | Меморијален турнир во баскет 3х3 „Иван Пенов“ | 100.000 |
| 32. | УСК „Училишни ѕвезди“- Гевгелија | Училишна лига во фудбал, кошарка и одбојка | 40.000 |
| 33. | КК „Кожув“ АД Гевгелија | КК „Кожув“ АД | 11.000.000 |
| 34. | УСК „Ристо Шуклев“- Негорци, Гевгелија | Спортски натпревари на УСК „Ристо Шуклев“- Негорци | 30.000 |
| 35. | ПП Клуб „Негорци 2026“- Негорци, Гевгелија | Турнир во пинг понг „Негорци 2026“ | 20.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 36. | Здружение на планинарски спортски клуб „Кожуф“- Гевгелија | Акции родители и деца<br>Меморијален марш „Перо Илиевски“<br>Меморијал д-р Ѓорге Петков,<br>Меморијал Димитар Кангов – Кангата<br>Патронат Томе Шутов- Кротки<br>Меѓународни планинарски акции<br>Инклузивно планинарење | 160.000 |
| 37. | Влатко Семенаков Гевгелија | Балкански, меѓународни и домашни трки | 20.000 |
| 38. | Тодор Анчев, Гевгелија | Меѓународни и домашни трки | 20.000 |
| 39. | ЗГ „ЕКО ЛАЈФ“ Гевгелија | Гевгелиска детска олимпијада 2026 | 20.000 |
| 40. | Лиљана Мицковска Гевгелија | Застава 750-Амбасадор на Гевгелија | 15.000 |
| 41. | Здружение на пензионери Гевгелија | Општински, Регионални и Републички спортски игри | 20.000 |
| 42. | Михаела Лазаровска Гевгелија | Подготовки за атлетски натпревари | 30.000 |
| 43. | Фудбалски клуб „Кожуф“ Гевгелија | Фудбалски клуб „Кожуф“ Гевгелија Сезона 2026 | 5.000.000 |
| 44. | Ракометен клуб „Партизан- 2016 Спорт“-Гевгелија | Натпреварување во Прва ракометна лига при РФМ | 1.300.000 |
| 45. | Дополнителни средства | | 770.000 |
| **вкупно:** | | | **25.000.000 д.** |

За активностите од областа на спортот кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2026 година и се од општ интерес за општината, Советот на Општина Гевгелија ќе изврши дополнување на истата.

**4.1. Индикатори:**

* за правни лица:
- број на поддржани машки и женски спортски клубови;
- број на поддржани правни лица кои реализираат активности од областа на спортот;
- број на жени и мажи во раководните органи на правните лица;
- број на жени и мажи- носители на програмските активности;
- број на жени и мажи- учесници во програмските активности;
- број на ученици и ученички вклучени во активностите на училишните спортски клубови;

* за физички лица:
- број на поддржани самостојни спортисти и спортистки.

**4.2. Носител/извршител на мерката:**
- Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;
- Одделение за финансиски прашања.

| | |
|---|---|
| **5. Очекувани резултати од мерките** | Согласно мерливите индикатори за следењето на состојбата и разделени статистички податоци, ќе се анализира дали се постигнати целите на мерките од Програмата за подобрување |

| | |
|---|---|
| | на положбата на жените и мажите во областа на културата на локално ниво. И тоа:<br>- жените и нивните потреби и барања се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво;<br>- систематско и одржливо користење на родово-одговорно буџетирање како алатка од страна на буџетските корисници на локално ниво;<br>- редовно собирање и ажурирање на родово-разделени податоци кај сите релевантни чинители;<br>- родова застапеност во рекреативни и професионални спортски активности;<br>- зголемена финансиска поддршка на локално ниво за женски спортски клубови и спортистки.<br><br>Останати очекувани резултати од мерката:<br>- развој на масовниот спорт и рекреативните активности;<br>- поголема застапеност на младите и лицата со попреченост во спортските активности и манифестации;<br>- развој на сите видови спорт на подрачјето на општина Гевгелија;<br>- развој на спортскиот туризам;<br>- квалификации на спортските клубови во лигите;<br>- унапредување на соработката помеѓу локалната самоуправа и спортските субјекти;<br>- континуирана финансиска и логистичка поддршка на спортски манифестации со цел да прераснат во традиционални. |
| **6. Ризици** | Економска и здравствена криза |
| **7. Буџет на програмата и извори на финансирање** | 25.000.000 денари од буџетската програма L0- Спорт и рекреација |
| **8. Следење и известување/евалуација** | Следењето на Програмата ќе се врши согласно доставените Наративни и финансиски извештаи на корисниците, коишто поднеле барање за исплата на одобрените средства за реализација на нивните активности.<br>Извештајот за реализација на Програмата ќе го подготви Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и ќе го достави на усвојување од Советот на Општина Гевгелија.<br>За секоја одржана активност од Програмата во текот на годината, Општина Гевгелија ги известува граѓаните преку нејзините официјални веб- и Фејсбук-страна. |
| **9. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата, надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.<br>Оваа Програма влегува во сила денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

Бр.09- 173/1
28.01.2026 г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

**-----------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2025 година.**

Се објавува Заклучокот со кој се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 28.01.2026 година

Бр.08-190/6
30.01.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.01.2026 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на проекти,

манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2025 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2025 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-174/1
28.01.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

## З А К Л У Ч О К
**за објавување на Програмата за финансирање проекти, манифестации и значајни настани на Месните заедници во општина Гевгелија во 2026 година**

Се објавува Програмата за финансирање проекти, манифестации и значајни настани на Месните заедници во општина Гевгелија во 2026 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 28.01.2026 година

Бр.08-190/7
30.01.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.) и член 38 став (1) точка 44, а во врска со член 143 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.01.2026 година, донесе

**Програма**
**за финансирање проекти, манифестации и значајни настани**
**на Месните заедници во општина Гевгелија во 2026 година**

**1.Цел**

Основна цел на оваа Програма е поддршка на културните и другите активности организирани од месните заедници во населените места. Одржувањето на културните и другите активности во населените места е од посебно значење за животот и работата на граѓаните во средините каде што живеат.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

**2.Активности**

Во 2026 година Општина Гевгелија ќе ги поддржи следниве активности на месните заедници :

| Р.бр. | Предлагач на проектот | Име на програмски активности | Одобрени средства од Буџетот на Општина Гевгелија |
|---|---|---|---|
